**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-57/1**

**Скопје, 13.01.2006 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА „ДОЛНА БАЊИЦА„**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Долна Бањица за 2004 година, кои се прикажани на страните од 5 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Долна Бањица за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

Демир Беќири, Градоначалник на општина Долна Бањица од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 03.10. до 07.10.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор
- Катица Николовска, ревизор
- Билјана Сурлевска, ревизор,
- Катерина Чаловска , помлад ревизор и
- Бљерта Селмани, помлад ревизор .

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Советот на Општина Долна Бањица нема донесено Програма за уредување на градежно земјиште за 2004 година со конкретизирани активности по објекти, спротивно на член 4-е од Законот за буџетите и на член 16 од Статутот на Општината. Недонесувањето на оваа програма овозможува работење без однапред утврдени приоритети и намени, без јасно утврдени критериуми при избор на објектите кои се предмет на реализација во тековната година.

**Препорака:**

Операционализацијата на препораките кои се дадени во овој извештај се во надлежност на Општина Гостивар, од причина што со новиот Закон за територијална организација, Општината Долна Бањица е населено место на Општина Гостивар.
При изготвување на Програмите од сверата на комуналиите на општина Гостивар да се имаат во вид и актуелните состојби во Долна Бањица.

10.1.2. Општината остварила приходи во износ од 43 илјади денари по основ на земена краткорочна позајмица од Општина Гостивар, спротивно на член 38 од Законот за буџетите. За земената позајмица не е склучен договор, а средствата се уште не се вратени на општина Гостивар. Ефектот од ваквиот начин на работење е задолжување на општината спротивно на законските одредби.

**Препорака:**

Надлежните служби во општина Гостивар да преземат мерки и да донесат соодветен акт за регулирање на оваа позајмица бидејќи со новиот Закон за територијална организација на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија, општина Долна Бањица е населено место на општина Гостивар.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Од сметката на буџетот директно се исплатени средства за набавка на мобилен телефон во износ од 16 илјади денари.
Ваквиот начин на исплата е спротивен на Законот за буџетите. Овој начин на исплата е практикувана форма кај некои од единиците на локалната самоуправа и се должи на долгогодишна усталена пракса без да се имаат во предвид законските одредби, и придонесува за нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**
Сметката на буџетот треба да се користи како извор за финансирање само на потребите на Органот, од каде понатаму треба да се вршат сите исплати кон останатите корисници и добавувачи.

10.2.2. Не е извршен попис на побарувањата од правни и физички лица по основ на надомест за уредување на градежно земјиште со состојба на 31.12.2004 година, спротивно на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и на Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Неизвршувањето на пописот значи неутврдување на реалната состојба на побарувањата, следење на доспеаноста на истите и преземање мерки за наплата. Ова укажува на недоволната кординација и соработка помеѓу комисијата за попис и службата за сметководство, како и нецелосно извршување на задачите утврдени со решението за вршење на попис од страна на Комисијата за попис .
**Препорака:**
Да се изготват интерни акти за спроведување на пописот кои при вршење на пописот за Комисијата ќе претставуваат водич со цел да се изврши целосен и квалитетен попис.

### 10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

10.3.1. Поради погрешна сметководствена евиденција ревизијата утврди нереално искажување на приходите во Билансот на приходи и расходи, спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетите и тоа:

- Ставката Други владини услуги е преценета за вкупен износ од 469 илјади денари, за кој износ се потценети ставките Даноци на специфични услуги во износ од 463 илјади денари за приходите од надомест за уредување на градежно земјиште и ставката Такси за користење или дозволи за вршење дејност во износ од 6 илјади денари од издавање лиценци за такси возила, и
- Позицијата Трансфери и донации е преценета за износ од 177 илјади денари, за кој износ е потценета позицијата Даночни приходи.

**Препорака:**
При евидентирањето на приходите правилно да се применува Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план за буџетите и Правилникот за класификација на приходите.

10.3.2. Ставката Трансфери од други нивоа на власт е потценета за вкупен износ од 534 илјади денари, за кој износ е потценет вишокот на приходи, поради непочитување на член 36 од Законот за буџетите, и тоа за:

- погрешно пренесени средства во износ од 518 илјади денари од Фондот за уредување на градежно земјиште на сметка на Органот, наместо на сметка на Буџетот, и
- невратените средства од сметката на Органот во износ од 16 илјади денари.

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.3. е потценување на приходите и потценување на вишокот на приходи над расходи за вкупен износ од 534 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.2. и 10.3. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Долна Бањица на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење кај Буџетот на Општина Долна Бањица остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје, 04.01.2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**БУЏЕТ НА ЕЛС ДОЛНА БАЊИЦА**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.2. | 2,306 | 2,516 |
| Неданочни приходи | 3.3. | 1,062 | 103 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 2,617 | 1,279 |
| **Вкупно приходи** | | **5,985** | **3,898** |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 2,779 | 1,940 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 2,761 | 1,707 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 30 | 154 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **5,570** | **3,801** |
| **Вкупно расходи** | | **5,570** | **3,801** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **415** | **97** |

## БУЏЕТ НА ЕЛС ДОЛНА БАЊИЦА
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 415 | 97 |
| **Вкупно тековни средства** | | **415** | **97** |
| **Вкупна актива** | | **415** | **97** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 415 | 97 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **415** | **97** |
| **Вкупна пасива** | | **415** | **97** |